РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1411/2
10-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1411/1 од 25.04.2025 година, против лицето -------------------, основен судија во Основниот суд --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување до надлежен орган - Судски совет на Република Северна Македонија

Предметот со број 12-1411/1 од 25.04.2025 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 25.04.2025 година, поднесена е пријава против -------- ---------- основен судија во Основиот суд -------, при што ДКСК оформи предмет број 12-1411/1 од 25.04.2025 година.

Во пријавата се изнесени наводи со сомневање за злоупотреба на службената положба од страна на гореспоменатото лице при постапување по предмет број К-336/2024 во Основниот суд -------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај од причина што пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува, а предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување до надлежен орган - Судски совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на Одделение
Согласен:м-р.И.П,раководител на Сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата